УДК 061-057.87(497.7-25+495.69):39

**Јакимовска Илина (Скопје, Македонија)**

# ГРАНИЦИ: ПЕРЦЕПЦИИ И ПОГЛЕДИ ОД ЈУЖЕН БАЛКАН

## Две студентски конференции (21.11. - 24.11.2003 година во Скопје и 20.5 - 23.5.2004 година во Лерин, Грција)

Соработката помеѓу Заводот за етнологија при Природно-математичкиот факултет од Скопје и Универзитетот „Западна Македонија“ од Лерин, Грција, започна во ноември 2003 година, кога дваесет студенти и двајца професори од истоимениот Универзитет престојуваа на тридневна студентска конференција во Скопје како гости на студентите и наставниот кадар од Заводот за етнологија. Конфренцијата се одвиваше на англиски јазик, со претпладневни и попладневни сесии на кои беа читани студентски трудови, со предвидено време за дискусија. Темите, главно од областа на антропологијата, етнологијата, но и на историјата и на современата политичка теорија, допираа прашања релевантни за младите луѓе од обете земји - стереотипите, балканскиот етноцентризам, проблемите на малцинствата, човековите права, како и економската и културната соработка на Балканот. Без предрасуди, низ отворен и конструктивен дијалог, студентите успеаја да создадат вистинска научна и пријателска атмосфера.



Едногласно прогласена за успешна, соработката продолжи со уште една таква конференција, одржана во мај 2004. На возвратна посета на нивните колеги од Грција, во Лерин заминаа осум студенти од различни години на студиите на Заводот за етнологија, како и двајца претставници на наставниот кадар. Овој пат учесници беа студенти и професори не само од Универзитетот „Западна Македонија“ од Лерин туку и нивни колеги од Универзитетот на Македонија - Солун, Универзитетот во Јанина, како и Универзитетот во Атина. Преку добро осмислената програма, градена врз база на претходното искуство, но збогатена со нови содржини, бевме во можност да проследиме триесет и тројца излагачи. Покрај главната тема, содржините беа поделени во тематски блокови според сродноста на предметот на кој се однесуваа. Така, теми на првиот ден беа „Државните политики, користењето на минатото и конструкцијата на националните идентитети“, „Истражување на границите како културен и општествен

простор" и „Европа и Балканот: слики, релации и репрезентации". Теми на вториот ден беа „Формирање и преговарање на идентитети: дискурси и практики" и „Балканот во постсоцијалистичката ера: општествена трансформација". Неформалниот дел беше подеднакво успешен како и формалниот: беа организирани театарска претстава, екскурзија на езерото Преспа, како и дружење до доцните ноќни часови.

Со надеж дека ваквата соработка ќе продолжи и понатаму, им се заблагодаруваме на проф. Јанис Манос и на доц. Љупчо С. Ристески за ентузијазмот и за покажаната добра волја, без кои таа немаше ни да започне.